Место за растење: Општини посветени на децата

# ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ОБУКА



Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на партнерските организации и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Место за растење: Општини посветени на децата

## Партнерски организации

Меѓаши | Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ – Република Македонија

КМОП Скопје | Центар за семејно и детско згрижување

## Автори


Александра Петкова, КМОП Скопје

Васка Бојаџи, КМОП Скопје


## Уредник

Кристина Василеска, КМОП Скопје


Проектот е финансиран од Европската Унија

# Содржина

1. Вовед ... 3
2. Опсег и цели на анализата ... 5
3. Методолошки пристап ... 6
3.1. Фокус групи ... 6
Учесници во фокус групите ... 6
Времетраење и место на одржување на фокус групите ... 7
Обезбедување информирана согласност за учество ... 7
Протокол за спроведување на фокус групите ... 8
Снимање, транскрипција и обработка на податоците ... 8
3.2. Деск анализа ... 9
4. Клучни наоди ... 10
4.1. Наоди од фокус групите ... 10
Степен на запознаеност на учесниците со релевантните теми и претходни искуства ... 10
Детско учество ... 14
4.2. Наоди од деск анализата ... 16
Потребата од зајакнување на капацитетите на целните групи ... 16
Ресурси од значење за дизајнирање на активности за градење на капацитетите ... 17
5. Заклучоци ... 23

Проектот е финансиран од Европската Унија

# 1. Вовед

Проектот „Место за растење: општини посветени на децата“ е 30 месечен проект спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, почнувајќи од февруари 2023 година до јули 2025 година. Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

Општата цел на проектот „Место за растење: општини посветени на децата“ е да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учеството на децата во локалното планирање, во пет општини во Македонија: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода.

Една од главните компоненти на проектот е зајакнување на капацитетите на претставниците на локалната самоуправа, како и на воспитно-образовниот кадар од предучилишното образование и грижа, основното и средното образование во доменот на правата на децата и сеопфатното локално планирање за децата. За остварување на истото, во рамките на *Работниот пакет 1: Јакнење на капацитетите* ќе бидат спроведени низа обуки наменети за претставниците на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар во сите општини каде се спроведува проектот. Поради недостатокот на податоци базирани на докази за конкретните потреби од обука на целните групи, од една страна, и неопходноста од дизајнирање на обуките на начин на кој ќе соодветствуваат на нивните потреби и очекувања, од друга страна, беше спроведена соодветна анализа и наодите од истата се презентирани во овој извештај.

Анализата се темели на податоци добиени од деск истражување, како и од теренско истражување преку спроведување фокус групи. Теренското истражување беше направено со мал плански избран примерок. При изборот на примерокот, главната цел беше да се вклучат лица со различна поврзаност со областа од интерес и да се осознаат различни перспективи.

Истражувањето беше спроведено во текот на март-мај 2023 година. Пред започнување на истото беше изработен детален *„Водич за спроведување на анализата на потребите од обука“*, кој имаше за цел да им помогне на партнерските

Проектот е финансиран
од Европската Унија

организации во спроведувањето на анализата, давајќи конкретни насоки и опишувајќи го методолошкиот пристап кој треба да биде применет во текот на прибирањето податоци, нивната обработка и известување, како и други аспекти од важност за процесот на анализата на потребите. Водичот вклучуваше и релевантни прилози, како *Информативен лист*, *Формулар за согласност за учество* и *Протокол за спроведување на фокус групите*.

По краткиот вовед, овој Извештај е структуриран како што следува:

- *Опсег и цели на анализата* – Во овој дел се презентира потребата од анализата и нејзините цели;
- *Методологија* – Во овој дел се образложува методологијата и процедурите за спроведување на анализата;
- *Клучни наоди* – Овој дел вклучува критичка анализа на наодите од теренското истражување, како и од деск истражувањето;
- *Заклучоци и препораки* – Во овој дел се истакнуваат главните заклучоци од анализата, како и препораките кои треба да се земат предвид во активностите за градење на капацитетите.

Проектот е финансиран од Европската Унија

## 2. Опсег и цели на анализата

Анализата на потребите од обука има за цел да обезбеди увид во знаењата, вештините и капацитетите на претставниците на локалната самоуправа и на воспитно-образовниот кадар од предучилишното образование и грижа, основното и средното образование во повеќе области поврзани со правата на децата и локалното планирање за децата, вклучително и следниве:

- основни концепти за правата на децата и детското учество;
- суштинско детско учество во средина што тоа го поттикнува и овозможува;
- етичките аспекти на детското учество;
- методите и техниките за вклучување и консултација на децата при различни процеси на носење одлуки;
- собирање податоци, анализа и известување;
- улогата на локалната самоуправа при процесот на локално планирање;
- разбирање на концептот на градови по мерка на децата.

Анализата овозможи утврдување на областите во кои постои потреба од подобрување на капацитетите на целните групи, како и осврт на сличностите и разликите помеѓу општините кои учествуваат во проектот.

Воедно, анализата помогна во собирање други комплементарни податоци кои овозможуваат разбирање на поширокиот контекст, вклучително и постоечките можности за обука и надоградување на капацитетите на целните групи во релевантните области.

Покрај тоа, истата резултира со идентификување едукативни ресурси кои ќе можат да се користат во процесот на планирање на програмата за обуките.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# 3. Методолошки пристап

Со цел да се овозможи анализа за потребите за обука на локалната самоуправа и професионалците од воспитно-образовните институции беа вклучени две фази на подготовка на анализата:

(1) компоненти на деск истражување, кое има за цел да ги анализира постоечките ресурси кои ќе бидат користени во процесот на дизајнирање на активностите за градење на капацитетите;

(2) фокус групи со претставници од локалната самоуправа и професионалци од воспитно-образовните институции во петте општини кои се опфатени со проектот.

## 3.1. Фокус групи

### Учесници во фокус групите

Партнерските организации спроведоа фокус групи со претставници на локалната самоуправа и на воспитно-образовниот кадар од предучилишното образование и грижа, основното и средното образование во секоја од општините кои учествуваат во проектот. Фокус групите овозможија идентификување на потребите за градење на капацитетите на целните групи, запознавање со индивидуалните гледишта на учесниците, но исто така и идентификување на разликите и сличностите во ставовите. Овој метод на собирање податоци, придонесе и за меѓусебно поттикнување на учесниците да ги споделат нивните размислувања и ставови, како и да се инспирираат од размислувањата на другите, водејќи до квалитетна дискусија и длабински наоди.

Фокус групите опфатија вкупно 11 претставници на локалната самоуправа, 15 претставници од основни и средни училишта, 10 од установите за предучилишно образование и грижа, како и 2 претставници од МВР.

Проектот е финансиран од Европската Унија







*Графикон 1: Структура на учесниците во фокус групите*

Покрај користење на постоечките контакти и мрежи, партнерските организации беа во постојана координација со секоја од општинските администрации во процесот на идентификување и избор на учесниците. Во изборот на учесниците се следеше подготвената *„Методологија за избор на претставници на општинската администрација, ЗЕЛС и на образовните институции“*. Фокус групите беа составени од различни профили на учесници со повеќегодишно искуство во својата професија, вклучувајќи наставен кадар од воспитно-образовните институции, како и стручни соработници и менаџери во институциите, претставници од локалната самоуправа од секторите за општи работи, како и вработени во МВР.

## Времетраење и место на одржување на фокус групите

Секоја од фокус групите траеше од 60-90 минути и се спроведе со физичко присуство непосредно пред или по завршувањето на Информативните сесии (Активност А1.1). Фокус групите беа одржани во пријатна просторија на пристапна локација, согласно потребите на учесниците.

## Обезбедување информирана согласност за учество

Општинските администрации беа активно вклучени во процесот на регрутирање на учесниците. При поканувањето на учесниците со нив беше споделен и *Информативниот лист* кој беше подготвен во рамките на *„Водичот за спроведување на анализата на потребите од обука“*. Истиот содржеше информации за проектот, за целта на анализата, траењето на фокус групите, правата на учесниците, аспекти

Проектот е финансиран од Европската Унија

поврзани со доверливоста, снимање, транскрипција и употреба на добиените информации. Пред започнувањето на фокус групата партнерите се осигураа дека сите учесници го добиле, го прочитале и го разбрале *Информативниот лист*. Дополнително, од секој од учесниците беше побарана и писмена согласност за учество во фокус групата со потпишување на *Формулар за согласност за учество*. Овој формулар содржеше повеќе изјави поврзани со учеството во фокус групата и користењето на податоците, а учесниците имаа можност да изберат со кои од тие изјави се согласуваат.

### Протокол за спроведување на фокус групите

Секоја од фокус групите беше спроведена согласно протоколот развиен за таа цел, во рамките на *„Водичот за спроведување на анализата на потребите од обука“*. *Протоколот за спроведување на фокус групите* се состоеше од низа прашања, поделени во неколку тематски целини, кои обезбедија соодветна структура и тек на дискусијата. Редоследот на прашањата и нивната формулација беа флексибилни, со цел да се обезбеди логичен след на дискусијата и поставување подлабински прашања согласно одговорите кои ги имаат дадено учесниците. Ваквиот формат обезбеди опфаќање на сите теми од важност за анализата, како и соодветен степен на флексибилност за да можат учесниците да одговорат поопширно на поставените прашања.

### Снимање, транскрипција и обработка на податоците

Во текот на фокус групите беа направени аудио снимки, а дополнително се водеа и писмени белешки, врз основа на кои беше направена транскрипција. Со цел да се обезбеди анонимност, во транскриптите и во овој извештај не се споменати ниту имињата на учесниците, ниту други нивни лични податоци кои би можеле да доведат до нивно идентификување. Необработените податоци (аудио снимки и писмени белешки) и транскрипти се чуваат одделно од документите со лични податоци за учесниците, како листите за присуство и пополнетите и потпишани согласности за учество во фокус групите. Сите податоци собрани за време на фокус групите се чуваат безбедно на компјутери заштитени со лозинка, со што се обезбедува доверливост. Аудио снимките беа избришани по завршувањето на транскрипцијата. Сите други необработени податоци беа уништени по завршувањето на транскрипцијата.

Проектот е финансиран од Европската Унија

## 3.2. Деск анализа

Покрај фокус групите, беше спроведена и деск анализа со цел идентификување на информативни и едукативни ресурси кои се однесуваат на теми поврзани со правата на децата, детското учество, спроведување истражувања и консултации со деца, етички аспекти поврзани со детско учество (вклучително и во истражувања и консултации), локално планирање за деца и концептот на градови по мерка на децата. Овие ресурси ќе се користат во фазата на дизајнирање на плановите за обуки на претставници на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар (Активност 1.3.), како од содржински, така и од методолошки аспект.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# 4. Клучни наоди

## 4.1. Наоди од фокус групите

### Степен на запознаеност на учесниците со релевантните теми и претходни искуства

Анализата покажува дека постојат разлики во нивото на запознаеност за детски права, алатки за поттикнување на детското учество, концептот на градови посветени на децата и вклучување на децата и младите во политиките на локално ниво во општините опфатени со истражувањето.

Најголем дел од учесниците во фокус групите сметаат дека се запознаени со детските права, значењето на детска заштита и пристапите за поттикнување детско учество на локално ниво. Генерално, познавањата ги имаат стекнато преку учество на обуки, семинари и работилници.

*„Во изминатите години имав можност да учествувам на многу обуки за детски права организирани од невладини организации кои ме изградија како професионалец во областа“. - Наставник во основно училиште*

Од друга страна пак, дел од учесниците сметаат дека имаат потреба од надоградување на нивните вештини и знаење од областа на детските права. Оваа потреба беше особено изразена помеѓу претставниците од општините, кои сметаа дека имаат помалку можности за учество во едукативни активности, во споредба со професионалците кои работат директно со деца, како воспитно-образовниот кадар од училиштата.

*„Ние како општина не сме учествувале на обуки кои се фокусираат на градење на капацитетите во оваа област. Сметам дека вработените од воспитно-образовните институции се повеќе вклучени во овој процес, бидејќи работат директно со децата. Сепак, ние вложуваме ресурси за да го поддржиме развојот на децата, бидејќи тие се основата на општеството. Потребна е соработка со вработените од градинките и училиштата во процесот на*

Проектот е финансиран од Европската Унија

*подготовка на програми за заштита на детските права на локално ниво.“ – Вработен во локална самоуправа*

Најголем дел од учесниците истакнаа дека во нивната секојдневна работа спроведуваат активности за децата со цел децата да се запознаат со нивните права согласно Конвенцијата за правата на детето и образовните политики.

*„Во рамки на активностите кои ги спроведуваме за време на „Детската недела“ на децата им овозможуваме на интерактивен начин да учат кои се нивните права и како да застапуваме за истите.“ - Воспитувач во градинка*

Што се однесува до запознаеноста со концептот на „градови посветени на децата“, поголем дел од учесниците сметаа дека не се доволно запознаени со истиот.

Спроведеното теренско истражување се фокусираше и на идентификување на теми од областа на правата на децата и локалното планирање за унапредување на правата на децата за кои претставниците на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар сметаат дека имаат потреба од дополнително надоградување. Податоците говорат дека и покрај разликите во различните сектори и природата на работата, сепак сите учесниците од петте општини ги делат ставовите дека имаат потреба од обуки кои покриваат комплементарни теми.

Така, учесниците од локалната самоуправа за споделија нивната загриженост дека трендот на иселување на граѓаните од државата резултира со предизвици од општествена и социо-економска природа, што пак дополнително врши притисок врз националните и локалните власти за изнаоѓаат решенија и политики за справување. Во таа насока, тие истакнаа дека имаат потреба од градење на нивните вештини за иновативни програми и пристапи кои директно ќе одговорат на потребите на децата и младите и ќе влијае врз поттикнување на нивниот развој и намалување на трендот на иселување од општината.

*„Како претставник од општината се трудиме да го направиме градот подобро место за живеење на децата и младите, како една мерка за справување со трендот на иселување“. – Претставник од локална самоуправа*

Според вработените во воспитно-образовните институции, кои се соочуваат со недостаток на ресурси, од суштинско значење е спроведување на програми кои ќе

Проектот е финансиран од Европската Унија

им овозможат да ги надоградат своите капацитети за социо-емоционален развој на децата и градење на нивните вештини уште од најрана возраст. Дополнително, тие потенцираа дека имаат потреба од обуки за рана интервенција и поддршка на деца со попреченост.

Учесниците во фокус групите споделија дека честопати се соочуваат со предизвици во насока на превенција на врсничкото насилство и системски пристап при постапување и заштита на децата. За наставниот кадар од основните и средните училишта од суштинско значење е тие да ги надоградат своите знаења и вештини за превенција, препознавање и справување со врсничко насилство во сите форми, вклучително и сајбер насилството. Тие истакнаа дека онлајн наставата за време на Ковид-19 има резултирано со намалување на физичката интеракција меѓу децата, со што случаите на сајбер насилство меѓу врсниците значително се имаат зголемено.

> *„Учениците умеат да ги препознаат знаците на врсничко насилство, но ние како наставници честопати се соочуваме со помал степен на респонзивност од страна на институциите. Потребна ни е едукација за тоа како ние да го зголемиме нашето знаење во оваа област и подобро да реагираме.“ - Професор во средно училиште*

Дополнително, учесниците го споделија своето размислување дека од секојдневната работа со децата и родителите забележале потреба од обуки за градење на родителските вештини со цел да се обезбеди системски пристап во поттикнување на позитивен раст и развој на децата. Тие исто така истакнаа загриженост во обезбедување одржливост во овој процес и потреба од изнаоѓање на соодветни пристапи и советување за работа со децата и засегнатите страни.

Потребата од меѓусекторско вмрежување беше нагласена помеѓу учесниците на фокус групите. Така, претставниците од училиштата исто така споделија дека имаат потреба од унапредување на своите знаења за градење на соработката со сите релевантни институции на локално ниво. Вработени од МВР, пак истакнаа дека се соочуваат со предизвици при воспоставување на комуникација со децата и родителите, но и подобра соработка со вработените од другите институции, особено во случаи на насилство, како и постапување по прекршоци.

Проектот е финансиран од Европската Унија

*„Имаме потреба од вакви активности и проекти за да се запознаеме ние вработените од институциите и да се вмрежиме, затоа што сите во рамки на нашата професија делуваме во интерес на децата". - Вработен во МВР*

Според учесниците, ваквата потреба од соработка е особено значајна во напорите за создавање соодветни услови за раст, развој и социјална инклузија на ранливи групи деца, вклучително и на децата со попреченост.

*„Имаме потреба од обуки и континуирана соработка со институциите како да го зголемиме вклучувањето на деца со попреченост и ранливи категории во активностите кои ги организираме, но уште поважно, во процесите на градење на политиките на локално ниво, со цел да продолжиме да ја градиме општината како место со еднакви можности за сите деца." - Вработен во локалната самоуправа*

Земајќи предвид дека локалните стратегии се стратешки документи, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на политиките и унапредување на интересите на децата и младите на локално ниво, неопходно е вклучување на организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Учесниците од градинките и локалната самоуправа истакнаа дека се соочуваат со недостаток на човечки ресурси за соодветно спроведување на политиките на локално ниво.

Проектот е финансиран од Европската Унија




*Графикон 2: Идентификувани потреби за обуки за локалните власти и воспитно-образовниот кадар институциите*

## Детско учество

Во рамките на училиштата во петте општини има воспоставено детски парламенти, детски совети и ученички заедници кои ги застапуваат правата на учениците. Овие форми на детско учество беа идентификувани и препознаени од страна на учесниците од училиштата како механизми кои помеѓу другото им овозможуваат на децата да ги унапредат нивните знаења, вештини и понатамошен развој. Воедно, со цел да се овозможи подобар увид во потребите на децата, тие споделија дека често спроведуваат консултации со децата преку пополнување прашалници, анкети и гласање. На тој начин на децата им се дава можност се вклучат во процесите на донесување на одлуки. Сепак, учесниците од средните училишта истакнаа дека честопати се соочуваат со предизвици во процесот на мотивирање на децата да се

Проектот е финансиран од Европската Унија

вклучат во активностите, со што им се наметнува потребата од креирање иновативни програми кои ќе овозможат на интерактивен начин да учат и да ги надоградат своите вештини.

> *„Во нашето училиште спроведуваме активности преку кои учениците имаат можност да се вклучат во процесите на донесување на одлуки со кои се директно засегнати. На тој начин ние го афирмираме нивното учество, ги мотивираме, а тоа резултира со зголемување на нивната самодоверба и понатамошен социо-емоционален развој“. - Наставник во основно училиште*

> *„Ние ги вклучуваме децата во сите активности и се стремиме нивниот глас да биде слушнат, но честопати, не им оставаме можност тоа да го видиме во реалноста. Поради тоа, потребни ни се иновативни пристапи, методи и алатки со кои ќе ги мотивираме децата и младите да се вклучуваат.“ - Професор во средно училиште*

Вработените во градинките ја препознаваат потребата од вклучување на децата во донесување одлуки од најрана возраст, но истакнаа дека имаат потреба од дополнителни обуки кои ќе ги унапредат нивните вештини за стимулирање на детско учество.

> *„Една од најважните вештини кон која се стремат професионалците од развиените европски земји е градењето на вештина за донесување на одлуки уште од најрана возраст. Сметам дека и ние како возрасни имаме потреба од обуки преку кои ќе научиме како преку игра да ги поттикнеме овие вештини кај децата.“ – Вработена во градинка*

На локално ниво, општинските администрации и општинските совети се стремат да ги поддржат децата и младите во процесот на воспоставување и функционирање на локален младински совет согласно Законот за младинско учество и младински политики како значајна форма на учество и делување на младите во насока на градење на демократски, инклузивни и одржливи заедници. Младински совети претставуваат тела на локалната самоуправа кои ги сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кои имаат советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Како форма на учество, на младите им се овозможува да ги артикулираат потребите

Проектот е финансиран од Европската Унија

на младите во општината и заедно со донесувачите на одлуки да се овозможи креирање на политики.

*„Досега имаме спроведено симулација на носење одлуки на општинско ниво, како и посета во кабинетот на Градоначалникот за да ги воведеме учениците во процесите на демократско носење на одлуки на локално ниво.“ – Вработена во средно училиште*

## 4.2. Наоди од деск анализата

### Потребата од зајакнување на капацитетите на целните групи

Конвенцијата за правата на детето им го гарантира правото на децата да го изразат своето мислење, кое треба да биде сериозно земено предвид во одлучувањето за прашања од важност за нив. Децата се директно засегнати од одлуките што ги носат локалните самоуправи, а кои се однесуваат на образованието, животната средина, детската и социјалната заштита, урбаното планирање и други области, но често се исклучени од одлучувањето. Загрижувачки е тоа што 6 од 10 млади во земјата веруваат дека не можат да имаат никакво влијание врз начинот на работа на властите, додека 85% од нив никогаш не биле консултирани.[1] Децата посочуваат дека потценувањето на нивното мислење од страна на возрасните е една од главните пречки поради која не можат да ги променат работите кои им значат, додека некои укажуваат на недостиг на искуство, неинформираност, недоволна помош од возрасните, системски пречки и социјалните норми кои го ограничуваат учеството на детето.[2] Така, неопходно е да се развијат соодветни платформи за учество на децата, заедно со обезбедувањето суштинска поддршка и подигање на свеста за да се овозможи учеството на децата во донесување на одлуки на локално ниво.

---

[1] УНИЦЕФ (2021). Децата и младите сметаат на локалните избори. https://uni.cf/3HUsreD [Пристапено на 9.5.2023].

[2] Меѓаши (2020). Алтернативен извештај на невладините организации за состојбата со правата на децата во Македонија. https://bit.ly/3A8Kyd4 [Пристапено на 9.5.2023].

Проектот е финансиран од Европската Унија

Истражувањето на Меѓаши од 2020 година покажа дека општините ширум земјата сметаат дека немаат доволно човечки, технички и финансиски ресурси за развој и спроведување на локални стратегии за унапредување на правата на децата.[3] Поддршката во развојот на капацитетите и обуката за претставниците на локалната самоуправа, се смета за клучен предуслов за успешно стратешко планирање за децата и учеството на децата во локалната власт.[4]

Воспитно-образовниот кадар во градинките и училиштата има долгогодишно искуство во работа со деца и има потенцијал да ги води активностите за учество на децата и градење на конструктивни односи со локалната власт на долг рок. Сепак, тие немаат доволно познавање за начинот на работа на локалната самоуправа, експертиза за учество на децата во донесување одлуки и вештини за поддршка на развојот на децата во области како што се лидерство, одлучување, комуникација, решавање проблеми и застапување, кои се клучни за нивното ефективно учество.

## Ресурси од значење за дизајнирање на активности за градење на капацитетите

Покрај постоењето на бројни ресурси на теми поврзани со правата на децата, спроведување истражувања и консултации со деца, детското учество и локалното планирање за деца, деск истражувањето покажа дека многу мал дел од нив се прилагодени на потребите на претставници на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар. Сепак, беа успешно беа идентификувани повеќе јавно достапни и бесплатни публикации на македонски и англиски јазик кои би биле од корист во фазата на дизајнирање на плановите за обуки на претставници на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар (Активност 1.3.). Истите се поделени во три тематски целини:

### I Детски права и детско учество

Ресурсите од оваа тематска област ќе бидат корисни за разбирање на меѓународната правна и стратешка рамка за правата на децата, а особено

[3] Ibid.
[4] UNICEF (2019). Child Participation in Local Governance. https://uni.cf/3p5Rv8D [Пристапено на 9.5.2023].

Проектот е финансиран од Европската Унија

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето. Вклучени се и материјали со фокус на правото на децата да бидат слушнати за прашања што ги засегаат.

**II Истражување и консултации со деца**

Оваа тематска област вклучува ресурси за методи на истражување и консултации со деца од различни возрасни групи, водечки принципи во процесот на собирање податоци, анализа и известување, како и етички аспекти поврзани со истражување и консултации со децата.

**III Локално планирање за детските права**

Во оваа тематска област се презентирани ресурси поврзани со важноста, пристапите и резултатите поврзани со локалното планирање за унапредување на правата на децата, како и материјали кои го олеснуваат разбирањето на концептот на градови по мерка на децата, како системи на локално управување посветени на подобрување на животот на децата преку остварување на нивните права, согласно Конвенцијата за правата на децата.

| НАЗИВ | АВТОР/ ИЗДАВАЧ | ОПИС | ЈАЗИК |
|---|---|---|---|
| **ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: I ДЕТСКИ ПРАВА И ДЕТСКО УЧЕСТВО** | | | |
| Конвенција за правата на детето | УНИЦЕФ | Конвенцијата за правата на детето е меѓународен договор за човекови права што ги дефинира граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на детето.<br><br>Овој документ го содржи целосниот текст на Конвенцијата за правата на детето како што е усвоен на 20 ноември 1989, а стапи во сила на 2 септември 1990. | Македонски, англиски, албански |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | | | |
|---|---|---|---|
| [Генерален коментар бр.12 Правото на детето да биде слушнато] | Комитет за правата на детето при ООН (2009) | Во овој генерален коментар Комитетот за правата на детето дава детално толкување на член 12 од Конвенцијата за правата на детето и дава насоки за негова примена во практика. | Англиски |
| [Прирачник „Учество во демократија"] | Совет на Европа (2010) | Во овој прирачник наставниците можат да најдат корисни идеи и материјали со цел поттикнување на учениците од средно образование да ја зацврстат нивната улога како млади граѓани оспособени за учество во демократските процеси. Истиот содржи девет теми поделени во 3 дела: Учество во заедницата, Учество во политиката - разрешување конфликти и решавање проблеми и Учество во политиката - учество преку комуникација. | Македонски, англиски, албански |
| [Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта] | Коалиција на младински организации СЕГА, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука (2020) | Водичот содржи ресурси за градење капацитети и ефективна примена на детските права во образовниот систем. Истиот е наменет за сите училишта, заедници на паралелки, ученички заедници и парламенти, одделенски раководители во основните училишта, како и за стручните служби, кои треба да бидат главните носители, поддржувачи и промотори на демократската партиципација на учениците во училиштето. | Македонски |
| [Детско учество во демократско одлучување [Children's Participation in Democratic Decision-Making]] | Gerison Lansdown, UNICEF Innocenti Research Centre | Оваа публикација дава детален осврт на важноста на детското учество, го обработува членот 12 од Конвенцијата за правата на детето и содржи корисни студии на случај, практични примери и научени лекции за практикување на детското учество во донесување одлуки. | Англиски |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прирачник за детско учество [Child Participation Handbook] | International Falcon Movement – Socialist Educational International (2016) | Овој прирачник е поделен во три поглавја. Првото дава осврт на значењето на детското учество и вклучува примери за детско учество. Второто поглавје вклучува практични насоки за работа со деца и млади, како и едукативни активности кои може да се спроведат со други професионалци кои работат со деца. Третото поглавје содржи едукативни методи за поттикнување на детско учество, вклучително и методи за споделување на нивните искуства, учење за правата на децата и начините на влијание на одлуките во нивната заедница. | Англиски |
| **ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: II ИСТРАЖУВАЊЕ И КОНСУЛТАЦИИ СО ДЕЦА** | | | |
| Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром – од перспектива на децата | Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија (2021) | Извештајот содржи наоди од истражување за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром кои обезбедуваат увид во повеќе аспекти од животот на децата во општината, проблемите со кои децата се соочуваат и работите кои тие сметаат дека треба да се подобрат. Станува збор за истражување и извештај подготвени од страна на група деца, со соодветна менторска поддршка од возрасни и може да послужи како инспиративен пример за други општини. | Македонски |
| Етичко истражување кое вклучува деца [Ethical Research Involving Children (ERIC)] | Centre for Children and Young People at Southern Cross University, UNICEF's Office of Research, Innocenti | Оваа веб-страница, поддржана од УНИЦЕФ, содржи бројни материјали кои се однесуваат на клучни етички аспекти кои треба да се земат предвид во спроведување истражувања со и за деца, како и студии на случај и примери од различни држави. | Англиски |
| Деца и учество: Истражување, следење и | Save the Children | Овој ресурс ја елаборира потребата вклучување на децата во спроведување истражувања на теми | Англиски |

Проектот е финансиран од Европската Унија

| | | | |
|---|---|---|---|
| евалуација со деца [Children and participation: Research, monitoring and evaluation with children] | | кои ги засегаат нив, презентира различни партиципативни техники и активности за детско учество и дава осврт на методите за вклучување на децата во различните фази од истражувачкиот процес. | |
| Насоки за истражување со деца и млади [Guidelines for Research with Children and Young People] | National Children's Bureau (2011) | Овие насоки се изработени со цел да ги поддржат сите истражувачи кои ја разгледуваат можноста за вклучување деца и млади во нивните истражувачки проекти. Тие вклучуваат практични совети за сите фази од истражувањето, вклучително и во изборот на методологијата, собирањето податоци и известувањето за направеното истражување, како и примери од веќе спроведени истражувања. | Англиски |
| **ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: III ЛОКАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА** | | | |
| Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето во единиците на локалната самоуправа | Центар за човекови права и разрешување конфликти, УНИЦЕФ (2012) | Во прирачникот се идентификувани чекори кои општините треба да ги преземат за да изградат локален систем посветен на остварување на права та на децата. Овие чекори вклучуваат: развој на структури, дефинирање на нормативни решенија и изградба на механизми, и спроведување на активности коишто треба да овозможат воведување на перспективата на детето во процесот на остварувањето на надлежностите на локалната самоуправа. | Македонски |
| Иницијатива за градови по мерка на децата [Child Friendly Cities Initiative] | УНИЦЕФ | На оваа официјална веб-страница на Иницијативата на УНИЦЕФ за градови по мерка на децата, може да се најдат мноштво материјали поврзани со овој концепт, вклучително и насоки, добри практики и научени лекции оф | Англиски |

ЕУ со ТЕБЕ
Проектот е финансиран од Европската Унија

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | градовите низ светот кои се дел од оваа иницијатива. | |
| [Урбан95 [Urban95]] | Бернард ван Леер Фондација | Оваа е официјална веб-страница на иницијативата Урбан95, предводена од страна на Фондацијата Бернард ван Леер. Станува збор за иницијатива за поддршка на локалните лидери, урбанисти и застапници за правата на децата низ светот во нивните напори за унапредување на условите во градовите и создавање средини поволни за целокупниот развој на бебињата и малите деца, чијшто глас ретко се зема предвид во локалното планирање. Веб-страницата содржи бројни прирачници, насоки и добри практики од различни држави кои учествуваат во оваа иницијатива. | |
| Прирачник за градови и заедници по мерка на децата [Child Friendly Cities and Communities Handbook] | УНИЦЕФ, 2018 | Овој прирачник детално ги објаснува сите чекори кои треба да ги преземат градовите и заедниците за да се стекнат со статус на град/заедница по мерка на децата. Истиот вклучува корисни документи и други материјали кои може да бидат соодветно прилагодени во различните контексти. | Англиски |
| Европска платформа за инвестирање во деца [European Platform for Investing in Children (EPIC)] | Европска комисија | Оваа платформа на Европската комисија преставува алатка за следење на политиките и активностите за унапредување на економската добросостојба на децата во државите од Европската Унија. Истата овозможува размена на искуства и практики засновани на докази и може да послужи како инспирација во воспоставувањето механизми за следење на спроведувањето на локалните стратегии за детски права. | Англиски |

Проектот е финансиран од Европската Унија

## 5. Заклучоци

Теренското истражување овозможи идентификување на повеќе релевантни области во кои постои потреба од подобрување на знаењата и вештините на претставниците на локалните власти и професионалците од воспитно-образовните институции во општините кои учествуваат во проектот. Покрај постојните разлики во нивото на запознаеност за детски права, алатките за поттикнување на детското учество, концептот на градови посветени на децата и вклучување на децата и младите во политиките на локално ниво, помеѓу учесниците во истражувањето постоеше консензус за корисноста од дополнително надоградување на овие теми. Анализата посочи и дека генерално претставниците на општините имале помалку можности за градење на нивните капацитети во овие области, во споредба со воспитно-образовниот кадар.

Учесниците ја истакнаа потребата од градење на нивните вештини за иновативни програми и пристапи кои директно ќе одговорат на потребите на децата и ќе влијаат на нивната добросостојба. Унапредувањето на знаењата во справувањето со врсничкото насилство, воспоставувањето ефикасна комуникација со родителите и поттикнувањето на социо-емоционален развој на децата од најмала возраст беа особена сфера на интерес на учесниците. Потребата од меѓусекторско вмрежување и соработка помеѓу професионалнците кои работат со деца беше нагласена.

Во однос на детското учество на локално ниво, може да се заклучи дека постојат одредени формални механизми (пр., ученички заедници, младински совети и сл.), како и други практики за консултирање на децата и нивно вклучување во донесување одлуки (пр., преку спроведување анкети помеѓу учениците), но истите ги опфаќаат повозрасните групи деца и млади. Сепак, независно од возрасните групи со кои работи, воспитно-образовниот кадар ја сподели неопходноста од градење на капацитетите во насока на надминување на предизвиците во процесите на детско учество и запознавање со нови пристапи кои ќе им влијаат мотивирачки на децата.

Деск-анализата овозможи идентификување на клучни ресурси на теми поврзани со правата на децата, спроведување истражувања и консултации со деца, детското учество и локалното планирање за деца, достапни на македонски и англиски јазик. Истите можат да бидат соодветно прилагодени и корисни во фазата на дизајнирање на плановите за обуки на претставници на локалната самоуправа и воспитно-образовниот кадар.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Место за растење: Општини посветени на децата

## веб-страница

www.placetogrow.mk

## е-пошта

info@placetogrow.mk

